FINANCE THINK
OUT OF THE BOX

МАКРОЕКОНОМСКИ МОНИТОР

Декември 2021

10(3)

Во третиот квартал од 2021, **БДП се зголеми за 3%** на годишна основа, како резултат на консолидацијата на економските текови и напредувањето на имунизацијата. Сепак, овој раст е остварен на се’уште ниска споредбена основа од третиот квартал од 2020, во кој економијата се намали за 5.1% по обемната владина интервенција за ублажување на ударот од пандемијата. Според дејности, растот во третиот квартал од 2021 е на широка основа, но со забележлив пад на **преработувачката индустрија** (-5.8%), поради изразените неизвесности во глобалната и домашната економија, сврзани со растечкото влијание на делта сојот од Ковид-19 и забавувачкото темпо на имунизација кон крајот од кварталот. Според тоа, и **бруто инвестициите** се задржаа на нивото од пред една година (0.4%), додека **извозот** и **увозот** забележаа забавен раст (4.1% и 2.7%, соодветно). **Јавната потрошувачка** порасна за 4.9%, што е особено висок раст во контекст на намерата за фискална консолидација, но е во линија со продлабочувањето на буџетскиот дефицит со јулскиот ребаланс на буџетот (од 4.9% на 6.5% од БДП).

Невработеноста во третиот квартал од 2021 понатамошно благо се намали, на 15.7% од претходните 15.9% (К2-2021). Падот на невработеноста е проследен со запирање на активацијата на претходно-пасивизираното население. **Вработеноста забележа само благо зголемување,** од 47.3% на 47.4%, што упатува на тоа дека неизвесноста во економијата го засилила својот притисок врз пазарот на труд споредено со претходните квартали. Во третиот квартал, евидентно е понатамошното губење работни места во преработувачката индустрија (околу 3,000 во однос на К2-2021), стагнацијата кај угостителството (ист број работници) и консолидацијата во транспортот (креирани 6,500 работни места) и трговијата (3,800).

Неизвесноста во економијата остана присутна во четвртиот квартал од 2021 со тековниот бран од пандемијата, забавувањето на темпото на имунизација и појавата на нови соеви на вирусот. Дополнително, во четвртиот квартал се зголемија притисоците од растечките цени на храната и енергијата, кои се очекува да бидат присутни и во текот на 2022. Finance Think ја задржува **проекцијата за растот на БДП во 2021 на 4.1%,** додека **проекцијата за 2022 изнесува 4%**.

РАСТ И ИНФЛАЦИЈА

Годишен раст на БДП



Пораст на цените



Секторски раст



ПАЗАР НА ТРУД

(Не)вработеност



Годишен раст на плати



Раст на продуктивност



ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ

Вкупни кредити



Каматни стапки



Нефункционални кредити



НАДВОРЕШНА СМЕТКА

Раст, увоз-извоз



Тековна сметка (% од БДП)



Девизни резерви



Годишен раст, %	1Q2021	2Q2021	3Q2021
БДП ЕУ 27	(1.2)	13.2	3.9
БДП Северна Македонија	(1.8)	13.4	3.0
Годишен раст, %	**1Q2021**	**2Q2021**	**3Q2021**
Вкупна инфлација	2.0	2.4	2.8
Базична инфлација	1.6	2.3	2.9

%	1Q2021	2Q2021	3Q2021
Стапка на активност (%)	56.0	56.2	56.2
Невработеност на млади (%)	37.1	37.8	35.4
Просечна нето плата (ден.)	28,156	28,634	28,684
Раст на продуктивност (%)	2.17	19.46	4.94

Годишен раст	1Q2021	2Q2021	3Q2021
M2	12.0%	10.2%	11.1%
Депозити	7.4%	6.8%	8.3%
Кредити	2.1%	1.2%	4.8%
Девизни резерви	30.6%	10.7%	6.0%

% од БДП	1Q2021	2Q2021	3Q2021
Трговско салдо	-12.0%	-15.6%	-12.1%
Приватни трансфери	15.8%	17.1%	20.8%
Тековна сметка	-2.1%	-4.3%	3.3%
Странски инвестиции	0.5%	-7.4%	-0.5%
Девизни кред. / вкупни кред.	28.8%	29.0%	29.4%

Буџетски дефицит (% од БДП)



Јавен долг (% од БДП)



Структура на јавен долг

ЈАВНИ ФИНАНСИИ





Во К1-К3-2021, буџетскиот дефицит изнсува 4.8% од БДП и е во линија со проекциите.

Пензиски буџет



Во К1-К3-2021, пензискиот дефицит е реализиран скоро пропорционално (75.7%).

Здравствен буџет



Во К1-К3-2021, здравствениот дефицит е незначајно потреализиран (72.3%).

Капитални расходи



Во К1-К3-2021, капиталните инвестиции се значајно потреализирани со 44.8%.

ИНДУСТРИСКИ БЛИЦ

	Индустриско производство			Работници во индустријата		
	1Q/21	1-2Q/21	**1-3Q/21**	1Q/21	1-2Q/21	**1-3Q/21**
Енергија	(22.1)	(25.3)	**(0.6)**	(3.8)	(3.9)	**(3.8)**
Интермедијарни производи, освен енергија	8.3	21.2	**10.2**	(3.9)	(2.7)	**(2.1)**
Капитални производи	(13.2)	9.4	**0.9**	(2.1)	1.8	**3.5**
Трајни производи за широка потрошувачка	(15.9)	14.6	**22.1**	(0.4)	3.0	**3.9**
Нетрајни производи за широка потрошувачка	(3.6)	7.5	**(2.2)**	(4.1)	(4.3)	**(5.0)**
Производство на прехранбени производи	(3.2)	0.1	**(2.6)**	(2.9)	(2.2)	**(2.2)**
Производство на метали	(37.0)	(16.8)	**(19.7)**	12.2	12.0	**11.6**
Производство на облека	(20.6)	(8.0)	**(10.8)**	(6.1)	(7.2)	**(8.6)**
Производство на неметални минерални производи	6.0	5.5	**2.9**	(2.5)	(1.9)	**(1.5)**
Производство на тутунски производи	(19.6)	8.0	**6.4**	(3.0)	(3.2)	**0.9**
Производство на пијалаци	(3.7)	6.9	**5.3**	(2.4)	(3.4)	**(3.5)**
Производство на кокс и рафинирани нафтени производи	40.4	43.9	**42.7**	3.5	3.9	**5.1**
Производство на електрична опрема	34.2	60.5	**32.0**	(5.9)	(2.9)	**(1.2)**
Производство на фабрикувани метални производи	(12.2)	(0.4)	**(15.7)**	1.6	4.2	**4.9**
Вкупно	(6.1)	6.6	**2.9**	(3.5)	(2.4)	**(2.1)**

FINANCE THINK
OUT OF THE BOX

ЗА FINANCE THINK OUT OF THE BOX

Finance Think е непрофитен институт за економски истражувања и политики. Основан е во во 2012 година.

Нашата Визија

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

Нашата Мисија

Да го подобриме влијанието на економските, социјалните и развојните трендови и политики врз граѓаните во Северна Македонија и регионот на Западниот Балкан, преку економски истражувања, застапување базирано на докази и водено од податоци, и поттикнување критичка дебата за демократските процеси.

Истражувањето на Finance Think им помага на носителите на политиките, застапниците на политиките, креаторите на мислење, економските новинари и јавноста да ги разберат прашањата кои влијаат врз обичните граѓани.

Врз основа на статутот, Finance Think се стреми да постигне **три статутарни цели**. Тие се:

- Да придонесе кон подобрување на економските, социјалните и развојните политики и реформи преку продуцирање докази, базирани на истражување и водени од податоци.
- Да се зголеми ефектот од производите на Finance Think врз целните групи (вештини), донесувањето политики (политики и реформи) и општеството (свесност).
- Да се развие институционалниот капацитет на Finance Think, во смисла на истражување, застапување, финансирање и комуникација, со цел посилно влијание врз економските, социјалните и развојните реформи и врз ефектите што соодветните политики ги имаат врз граѓаните.

Програмски области

- Политики на раст и развој
- Фискална транспарентност и одговорност
- Конкурентност и пристапување кон ЕУ
- Сиромаштија, вработување и вештини
- Родови и доходни нееднаквости
- Социјално претприемништво и жени
- Миграција и дознаки

ОДГОВОРНОСТ

Copyright © 2021 од страна на Finance Think, Сите права се задржани.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да се репродуцира, складира или внеси во систем за пребарување или да се пренесува во која било форма или со какви било средства (електронски, механички, со фотокопирање, снимање или на друг начин), без претходна писмена дозвола од сопственикот на авторските права. Finance Think направи максимални напори да ја осигура точноста на информациите презентирани во овој документ. Меѓутоа, ниту Finance Think ниту кој било од неговите носители на одлуки или аналитичари или вработени може да биде одговорен за какви било финансиски последици кои произлегуваат од употребата на информациите претставени од овде.

Finance Think

Институт за економски истражувања и политики

Ул. Фредерик Шопен 1/2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

+389 2 6156 168, www.financethink.mk, info@financethink.mk